РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-998/6
24.03.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 19.03.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Ивона Муфишева, Емилија Јаневска, Магдалена Д.Довлева, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Пред почетокот на седницата, г-дин Петрушевски ги повика членовите на Советот, директорот и вработените од Стручната служба со едноминутно молчење да им оддадат почит на жртвите од пожарот во Кочани.

Во однос на предложениот Дневен ред, г-дин Петрушевски најави дека Точката под Разно „Предлог за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година“, заедно со Предлог-Одлуката, ќе биде поставена како точка 6, додека точката „Разно“ ќе биде под број 7.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.03.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.03.2025 година.
3. Нацрт-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.
4. Предлог за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година со Предлог-Одлука.

5. Предлог за поведување прекршочна постапка на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ за прекршување на членот 92 став 1 од ЗААВМУ.
6. Предлог за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година со Предлог-Одлука.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.03.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.03.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Нацрт-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година. Објасни дека согласно Законот, Агенцијата има обврска најдоцна до 31 март до Собранието да достави Извештај за работа во претходната година. Наведе дека ова е нацрт-верзија на Извештајот, и во неа се опфатени сите активности што ги реализираше Агенцијата во 2024 година. За да се овозможи целосна имплементација на ревидираната Директива во македонската регулатива, Агенцијата измени и дополни неколку од постојните подзаконски акти, а изработи и нови правилници. До Министерството за дигитална трансформација Агенцијата иницираше измени на законот во делот на медиумската сопственост и медиумската концентрација, а со коментари и предлози учествуваше во процесот на измени на Законот за медиуми чија цел е да се воспостави правна рамка за регулација на онлајн медиумите. Една од најзначајните активности на Агенцијата во 2024 година беше мониторингот на медиумското покривање на Претседателските и Парламентарните избори. Се спроведе мониторинг од 15 февруари до 8 мај, и тоа на изборното медиумско известување, на почитувањето на обврската на државните телевизии да известуваат во формат достапен за лицата со сетилна попреченост, како и мониторинг на платеното политичко рекламирање за време на изборните кампањи. За утврдените прекршувања на Изборниот законик, Агенцијата покрена три прекршочни постапки, спроведе над 450 надзори над субјектите што се предмет на регулација, и тоа 321 надзор над радиодифузерите, 105 над операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, 11 над издавачите на печатени медиуми и 8 над давателите на услуги по барање. За прекршувањата што беа констатирани со овие надзори, изречени се 64 мерки, од кои 42 беа јавни опомени. Се покренаа 5 прекршочни постапки, а беа одземени дозволите на 5 радиодифузери. Минатата година престанаа да важат дозволите на уште 6 радиодифузери, поради тоа што самите доставија до Агенцијата

изјава дека престануваат да емитуваат програма. И оваа година Агенцијата ја координираше организацијата на Деновите на медиумска писменост. Во периодот од 28 октомври до 4 ноември, под мотото „Твојата свесност е најважниот филтер!" се одржаа 22 настани со учество на 15-тина членки на Мрежата за медиумска писменост и нивни поддржувачи. Изработивме повеќе анализи и студии: Анализа на пазарот за 2023 година, Анализа на структурата на вработените во индустријата, потоа Анализа на начинот на известување за родово засновано насилство во информативните програми на националните телевизии, како и на родовата структура на сопственоста и на вработените во телевизиите и радијата. Изработивме 5 студии за да се утврди дали има оправданост да се објави јавен конкурс за доделување дозвола за емитување, а во соработка со Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат", беше спроведено и истражување на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование. Изминатата година претставници на Агенцијата учествуваа на повеќе состаноци и работилници во рамки на Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), како и Мрежата за медиумска писменост на ЕПРА (ЕМИЛ). Освен тоа, беа остварени и билатерални работни средби со регулаторни тела од други земји, како и со претставници на амбасадите во Македонија во врска со повеќе прашања од аудиовизуелната област. Во прилог кон Извештајот се и: Извештај за реализација на годишниот план за програмски надзор, од кој се гледа дека се реализирани сите планирани надзори и Извештај за реализација на финансискиот план на Агенцијата. Во 2024 година, реализираните приходи изнесуваа 136.610.658,00 денари, а вкупните расходи изнесуваа 128.669.018,00 денари, односно приходите беа за 7.941.640,00 денари поголеми од расходите. На крајот информира дека на седницата која што ќе се одржи наредната недела ќе треба да се усвои Извештајот во конечна форма, па ги замоли членовите на Советот, нивните евентуални забелешки да ги доставаат во писмена форма, и доколку се прифатливи да се вградат во конечниот текст.

Г-дин Фиданоски изјави дека Извештајот е содржаен, обемен, професионално и организациски изработен, давајќи детален приказ на работењето на Агенцијата во 2024 година. Од него е јасно дека АВМУ целосно и соодветно одговорила на сите предизвици, а со право е ставен и акцент на измените во медиумската регулатива. Тој нагласи дека постои значајна промена во медиумската регулатива, која досега успешно се спроведува, а АВМУ активно и конструктивно учествува во процесот со свои предлози и корекции. Според него, е особено важно што најголем дел од овие предлози се прифаќаат од предлагачите на законските измени. Доколку се земат предвид претстојните измени во Законот за медиуми, значително ќе се прошири обемот на ингеренциите на Агенцијата како регулаторно тело. Ова првенствено ќе се однесува на регулирањето на видео-шеринг платформите и физичките лица даватели на услуги, популарно наречени инфлуенсери, како и на онлајн медиумите и порталите кои во моментов се предмет на јавна расправа. Со ова, се создава неопходната подготовка за новото медиумско опкружување и идните предизвици. Г-дин Фиданоски се осврна на два клучни аспекти. Прво, нагласи дека е неопходно да продолжи активното учество на Агенцијата во процесот на законските измени, како и во подготовката на подзаконските акти. Посебно внимание треба да се посвети на инфлуенсерите, при што нивното активно учество е клучно за создавање сеопфатен и соодветен правилник. Вториот аспект се однесува на медиумската концентрација, при што тој апелира АВМУ да

иницира што поскоро измени во оваа област. Потенцира дека актуелните прописи се застарени – донесени пред две децении – и повеќе не соодветствуваат на современиот медиумски контекст. Во однос на останатите активности, тој истакна дека Агенцијата досега постапувала на соодветен начин. Стандардно го покрива мониторингот на медиумското изборно претставување, а оваа година ќе се соочи со уште еден таков предизвик, кој веќе не се смета за предизвик, туку повеќе за рутина во работењето. Дополнително, Агенцијата ќе продолжи со своите активности во областите на медиумската писменост, социјалната инклузија, транспарентноста во работењето, програмските обврски на радиодифузерите и надзорот над операторите на јавните електронски комуникациски мрежи. Истовремено, анализите, истражувањата, меѓународната соработка и процесот на европска интеграција се водат во правилна насока. На крајот истакна дека нема конкретни писмени забелешки, освен двата апела што ги упати, и даде поддршка на Нацрт-верзијата на годишниот извештај.

Г-дин Петрушевски изјави дека Нацрт-извештајот ги опфаќа сите активности на Агенцијата и дека сè што е реализирано е обемно и квалитетно изработено. Потврди дека во оваа форма ќе го поддржи документот.

Г-дин Ајдини истакна дека Агенцијата има обврска да даде отчет за своето работење, поради што овој документ е јавно достапен. Директорот детално ги навел сите значајни активности за 2024 година, и оцени дека Извештајот е квалитетно изработен, детален и содржи сè што е реализирано. Тој им честита на сите вработени кои учествувале во неговата изработка.

Г-дин Фиданоски рече дека не е запознаен со изгледот на Извештаите на другите институции кои го презентираат своето годишно работење во Собранието. Сепак, тој смета дека овој Извештај треба да послужи како пример за тоа како треба да изгледа годишен извештај за работењето на една институција.

Советот на Агенцијата едногласно го одобри Нацрт-годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 4 и 6**

Г-дин Трајчевски предложи до Советот да се даде заеднички вовед за точките 4 и 6, бидејќи се меѓусебно поврзани, имајќи предвид дека се однесуваат на ребалансот и зголемувањето на Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година. Сепак, предложи гласањето да се спроведе одделно за секоја точка.

Советот немаше против предлогот.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека ребалансот е предложен за да се обезбедат финансиски средства од 500.000,00 денари, наменети за доделување на финансиска помош – Донација за Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, согласно нивното Барање, со цел да и се помогне на телевизијата во санирање на последиците од пожарот кој ја зафатил на 8 март 2025 година. Во врска со зголемувањето на Финансискиот план објасни дека во меѓувреме се случи пожарот во Кочани на ден 16.03.2025 година. За да се обезбеди донација на финансиски средства за настраданите граѓани во пожарот во Кочани на ден 16.03.2025 година потребни се

средства во износ од 1.500.000,00 денари. При тоа потребни се средства и за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месец април 2025 година во износ од 1.200.000,00 денари. Оттука за оваа намена потребно е Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година да се зголеми за 2.700.000,00 денари.

Г-дин Трајчев истакна дека Агенцијата досега работела успешно и располага со одредени финансиски средства од претходните години. Во тој контекст, праша дали е можно да се удвои предложената сума за донација, имајќи ја предвид големата трагедија што погоди многу семејства во пожарот во Кочани. Потсети дека Агенцијата во повеќе наврати донирала, како во други држави, и во различни ситуации каде што било потребно, нагласувајќи дека оваа трагедија со својот обем и бројот на жртви, бара посебно внимание и солидарност.

Г-дин Трајчевски објасни дека во овој момент Агенцијата ги обезбедува предложените средства од заштедите од претходните години. Тој нагласи дека оваа година има дефицит од речиси 50 милиони денари во споредба со претходната година. Со оглед на тоа, истакна дека предложените средства претставуваат оптимален износ кој Агенцијата во моментов може да го издвои. Дополнително, посочи дека можноста за зголемување на донацијата може да се разгледа во втората половина од годината, откако ќе се реализираат главните јавни набавки, доколку нивната вредност биде пониска од предвидената. Сепак, во оваа фаза, средствата што Агенцијата ги користи како пренесени за да може да функционира се значителни, и неопходно е да се избегне ситуација во која, за една или две години, таа би можела да се соочи со финансиски потешкотии. Трајчевски потсети дека при претходни донации за слични несреќи, Агенцијата обично донирала 1 милион денари, додека сега предложената сума е зголемена на 1,5 милиони денари. Тој се согласи дека, со оглед на обемот на трагедијата, секоја помош е недоволна, но потенцираше дека можно е подоцна да се разгледа дополнителна финансиска поддршка, откако ќе се анализираат преостанатите средства по спроведените јавни набавки. Дополнително, нагласи дека расходите на Агенцијата ќе се зголемат со изборот на нови членови на Советот, што ќе претставува дополнителен месечен трошок од речиси 2 милиони денари.

Г-дин Петрушевски потсети дека на минатата седница, при дискусијата за изборот на нови членови на Советот, укажал дека тоа ќе претставува значителен финансиски предизвик за Агенцијата, со зголемување на трошоците за 30%–40% по член во споредба со тековните трошоци. Во однос на средствата предвидени за донација, тој истакна дека, споредено со други институции и општини кои доделуваат околу еден милион денари, Агенцијата располага со помали приходи. Со тоа смета дека предложениот износ е соодветен. Сепак, се согласи дека, доколку финансиската состојба дозволи, може да се размисли за дополнителна донација во иднина.

Г-дин Фиданоски изјави дека нема утеха за трагедијата што се случила во Кочани и целосно го разбира ставот на г-дин Лазар Трајчев. Потврди дека ако се остварат заштеди во текот на годината, треба повторно да се разгледа можноста за доделување на уште една донација која би била адекватна и со слична вредност како моменталната. Тој сподели дека во текот на седницата разгледувал информации, како што е примерот со една скопска општина која доделила 1 милион денари, додека Град Скопје, со буџет од околу 130-140 милиони евра, доделил 6 милиони денари. Во контекст на тоа истакна дека Агенцијата не може да се споредува со поголеми институции или единици на

локална самоуправа, независно од тоа за кој станува збор. Сепак, нагласи дека со овој гест Агенцијата традиционално покажала дека секогаш е во состојба да пружи помош во рамките на своите можности, за да овие средства стигнат до семејствата во овие тешки моменти.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, бр.05-469/1 од 31.01.2025 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 199.729.722,00 денари.

Со горенаведениот ребаланс се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 500.000,00 денари, наменети за:

- Доделување на финансиска помош – Донација за Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, согласно нивното Барање бр.04-25 од 11.03.2025 година (наш арх.бр.03-988/1 од 11.03.2025 година), со цел да и се помогне на телевизијата во санирање на последиците од пожарот кој ја зафатил на 8 март 2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година се зголемуваат за 2.700.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 199.729.722,00 денари истите изнесуваат 202.429.722,00 денари.

Со горенаведеното зголемување се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 2.700.000,00 денари, наменети за:

- за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месец април 2025 година во износ од 1.200.000,00 денари и
- за доделување на финансиска помош – донација за настраданите граѓани во пожарот во Кочани на ден 16.03.2025 година во износ од 1.500.000,00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, за прекршување на

членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Таа објасни дека на седницата одржана на 23 јануари 2025г., за непочитување на членот 92 став 1 од ЗААВМУ, на овој радиодифузер му беше изречена мерка јавна опомена, со рок од 20 дена за усогласување од денот на приемот на Решението. Меѓутоа, при контролниот програмски надзор извршен на 20 февруари 2025г., беше констатирано дека радиодифузерот продолжил со истото прекршување на Законот, односно, наместо да емитува најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела на дневно ниво, на денот кога е направен надзорот, емитувал само 23%. Ова значи дека за 1 час, 11 минути и 30 секунди помалку програма била емитувана, создадена како македонски аудиовизуелни дела. Во согласност со член 23 став 1 од Законот, се предложи Советот на Агенцијата да поведе прекршочна постапка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-965/1 од 10.03.2025 на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ и утврди дека радиодифузерот и покрај Решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 23.01.2025 година, не ја отстранил повредата, односно продолжил со прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот едногласно заклучи против Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот програмски надзор е констатирано дека на 20 февруари 2025 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**